РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2487/1
22-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2025 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-1599/1 од 27.05.2025 година СЕ ЗАПИРА.
Предметот со бр. 08-1599/1 од 27.05.2025 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр. 08-1599/1 од 27.05.2025 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2025 година, за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на лицето ______________, член на Совет ________________.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на ____________ и за члeновите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство. Податоците се побарани од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од

вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија и нивно споредување со податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на ____________________, ДКСК констатира дека податоците во Изјавата се совпаѓаат со прибавените податоци од конкретните институции.

Додека по извршена анализа на податоците прибавени од финансиските институции во РСМ констатирано е дека _____________ нема пријавено сметки на кои се евидентирани трансакциски во мали износи и истите не го достигнуваат законски утврдениот праг од 20 просечни плати, со што не се исполнети законските услови за изрекување прекршочна санкција.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК